

# ПАТ НА ЖИВОТОТ

ГОДИНА 54

ЈУЛИ - АВГУСТ 2024

СПИСАНИЕ НА ЕВАНГЕЛСКО - МЕТОДИСТИЧКА ЦРКВА ВО МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| СЕЗОНИТЕ ВО ЖИВОТОТ | 4 |
| ЗА БРАТОЉУБИЕТО | 7 |
| ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАШИОТ ПОВИК | 8 |
| БОГ Е БЛИЗУ ДО ОНИЕ СО СКРШЕНО СРЦЕ | 12 |
| МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ | 16 |
| КАКО ДА ЈА НАЈДЕШ ВИСТИНСКАТА ЛИЧНОСТ ЗА БРАК | 18 |
| НОВОСТИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ | 21 |
| ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА | 29 |
| РЕСУРСИ/ИНФОРМАЦИИ | 30 |



**_НАШИТЕ МОМЕНТАЛНИ ТЕШКИ СИТУАЦИИ СЕ МОЌНА АЛАТКА ВО БОЖЈАТА РАКА._**

# СЕЗОНИТЕ ВО ЖИВОТОТ

***„Сè има свое време, и секоја рабоѿа ӣод небоѿо има свое време“.***
***Проӣоведник 3:1***

Една од омилените викендички на моето семејство за изнајмување на плажа имаше закривен трем на вториот кат, со поглед кон докот кој изветвеал од временските услови. Грмушките од фуксија мирта го испреплетуваа пејзажот како прскање боја, а надворешните задни скали се обвиткуваа околу палма која допираше до небото, со реси на висина на очите со тремот.

Рано наутро седев во стол-лулка на тремот со моето кафе и Библијата. Еден ден забележав грлица како седи на гнездо на палмата. Ја гледав и таа ме гледаше. Видов две ситни јајца како ѕиркаат од под стрништето.

Цела недела оваа мајка птица правеше една работа - одмораше во гнездото заштитувајќи ги нејзините две малечки. Кога дојде невреме, таа не отстапуваше.



Кога децата трчаа нагоре и надолу по скалите, неколку сантиметри од нејзиното гнездо, таа не се мрдна. Кога крановите, пеликаните и галебите се повлекоа, таа остана. За оваа сезона од нејзиниот живот, таа остана верна на задачата што ѝ беше доверена.

Сите ние поминуваме низ сезони во животот. Воспитување дете. Грижа за родител. Градење кариера. Зајакнување на бракот.

Проповедник 3:1 вели:
***„Сè има свое време, и секоја работа под небото има свое време“.***

Годишните времиња се дел од Божјиот грандиозен дизајн за оваа земја: пролет, лето, есен, зима. Тие се исто така дел од Божјиот грандиозен дизајн за тебе и мене: радост и тага, борба и мир, издигнувања и падови, раѓање и загуба. Но, без разлика во која сезона ќе се најдеме, можеме да бидеме сигурни дека Бог не е отсутен од тоа - Тој е секогаш таму.

Зборот „сезона“ подразбира време што ќе помине. Ако си во тешка сезона, знај дека нема да трае вечно. Но, дури и тешките сезони имаат причина: во нив ги потопуваме нашите корени длабоко во почвата на верата, ги шириме гранките на довербата, никнуваме нов раст. Во зимскиот мир се одмараме за да земеме здив пред да започне следната сезона.

„Кога правиме добро, тоа нека не ни биде здодевно, зашто во свое време ќе пожнееме, ако не се измориме.“
Галатјаните 6:9

Последното утро од нашиот одмор, уживав во последната шолја кафе на тремот со г-ѓа грлица. Но, овојпат, таа полета за да му се придружи на таткото на оградата на тремот, а две младенчиња со пердуви, со очи кои допрва треба да се отворат, стигнаа до нивните жолти клунови кон небото.






Бог ми даде скапоцен подарок - седиште во првиот ред за да го набљудувам задоволството на една мајка која уживаше во нејзиниот повик во оваа кратка сезона од нејзиниот живот. Без разлика на бури, странци или туѓи борби, таа остана доследна на својата цел.

Додека размислував за мајчинството во сопствениот живот, мојот син тинејџер поспано се сопна на тремот. Не сум сигурна дали ги виде солзите во моите очи додека ја гледав неговата разбушавена коса, сонливите очи и лицето на кое му требаше бричење. Сезоните од неговото детство брзо завршуваа.

„Види, друже“, реков. „Јајцата излегоа денес“.

***Небесен Татко, ќе признаам дека копнеам да траат радосните сезони и брзо да минат тешките сезони. Помогни ми да запомнам дека фазите од животот со причина се нарекуваат „сезони“. Тие доаѓаат и си одат. Помогни ми да бидам мирен/на во секоја сезона, правејќи го она што Ти сакаш да го правам во тој временски период. Во Исусово име,***
***амин.***

Превод: Ребека Пенева



# ЗА БРАТОЉУБИЕТО

При реновирањето на една јапонска дрвена куќа, еден градежен работник требало да поправи еден изронет ѕид. Куќите во Јапонија обично имаат ѕидови кои се изградени од дрво, а помеѓу внатрешниот и надворешниот ѕид постојат шуплини, празен простор.

При промената на дрвените даски на едниот изронет ѕид, работникот забележал мал гуштер заглавен во тој празен простор. Гуштерот бил жив, меѓутоа една помала шајка му поминала преку ногата и тој останал неподвижен. Му паднало жал за гуштерот, но истовремено бил и љубопитен. Бидејќи шајката била за'рѓана, било очигледно дека тој таму стоел веќе подолго време. Куќата била изградена пред повеќе години и немало логика гуштерот да може да преживее толкав период без храна и вода. „Како е можно тоа да се случи?“ - се прашувал работникот. „Како еден мал гуштер заробен во ѕидот веќе неколку години може да живее во такви услови? Во мракот, без да се помести, без храна, тоа е нешто потполно неверојатно и нема никаква смисла.“

Воден од љубопитноста веднаш престанал со работата и почнал внимателно да го набљудува тој несреќен гуштер. Сакал да се увери во тоа како тој преживува. И тогаш, од некаде се појавил некој друг гуштер, кој на негово чудо, носел храна во устата. Човекот останал потполно изненаден од она што го видел. Другиот гуштер цело време се грижел за својот заглавен гуштер, и тоа постојано. Тоа за работникот бил совршен пример за љубов во природата. „Ова е чудо“. - си помислил.



***„За братољубието, пак, нема потреба да ви пишувам, зашто вие сами сте научени од Бога да се сакате еден со друг.“***
***1 Солуњаните 4:9***

***Превод: Ребека Пенева***

# ИСПОЛНУВАЊЕ НА НАШИОТ ПОВИК



***„Савле, пак, го одобруваше неговото убиство.“***
***Дела 8:1***

Стефан бил млад човек со живот кој ветувал многу. Поради неговата верност тој бил избран за ѓакон во црквата. Но, брзо станало очигледно дека Стефан има дарба за проповедање. Луѓето почнувале да веруваат додека тој проповедал, па дури и чуда се случувале.

Веројатно многумина мислеле дека на Стефан му претстои голема служба бидејќи бил млад човек. Меѓутоа, поради неговото проповедање, тој бил повикан да даде сметка пред еврејскиот Синедрион, кој важел како Врховен суд во тоа време.

На овие моќни луѓе не им се допаѓало проповедањето на Стефан за Исус Христос како Месија и го повикале да одговара за тоа. Сега, ако Стефан бил внимателен, можел да замине дома за вечера таа ноќ. Наместо тоа, тој видел можност да го достигне Синедрионот со евангелието. Така, тој почнал да им проповеда.



И додека Стефан проповедал, тие толку се разлутиле што ги ставиле рацете на ушите и почнале да врескаат. Било јасно дека не сакаат да слушаат што има тој да каже. Но, Стефан продолжил да проповеда и тие одлучиле да го погубат.

Тие го каменувале, па дури и додека му се цедел животот на младиот Стефан, тој извикал: „Господи, не примај им го ова за грев!“ (Дела 7:60)

Можеме да кажеме: „Тоа е трагично, затоа што се чини дека Бог можеше да направи толку многу преку животот на Стефан.“

Но, еве што треба да запомниме: не знаеме колку долго ќе трае нашиот живот. Сите ние имаме задачи кои треба да ги извршиме, повик кој треба да го исполниме. И должината на нашите животи не ја одредуваат гените или статистиката, туку Бог. Нашата цел е да останеме на вистинскиот пат и да го правиме она што Бог го поставил пред нас.

Можеби токму сведочењето на Стефан било тоа што го доведе Савле од Тарс до пресведочување од Светиот Дух. Како го знаеме тоа? Затоа што веднаш по мачеништвото на Стефан, Савле отишол да ги гони христијаните. Тој го напуштил Ерусалим и отишол до Дамаск во Сирија за да ги најде оние што биле следбеници на Исус, а потоа да ги уапси и да ги погуби.

Но, додека Савле бил на пат да го стори тоа, тој Го сретнал Самиот Исус. Господ дошол кај Савле на патот за Дамаск и го ослепил, а потоа Савле поверувал во Исус Христос.

Од библискиот запис не знаеме за некој кој лично го споделил евангелието со Савле. Но, сосема е возможно Савле да бил член на Синедрионот. Така, храброто проповедање на Стефан можеби го постави на тој пат и индиректно придонесе за неговото обраќање.

Сите ние можеме да погледнеме наназад на нашите животи како верници и да ги идентификуваме луѓето кои придонеле на духовно поле. Бог те ставил таму каде што си, во таа населба, на тоа работно место, во тој кампус. Дали некогаш си застанал и си помислил дека можеби си таму со причина? Има луѓе во твоето опкружување кои треба да ги достигнеш.

***Грег Лори***



# За некои луѓе можеби ти си единствената Библија што ја читаат!



# БОГ Е БЛИЗУ ДО ОНИЕ СО СКРШЕНО СРЦЕ

***„Блиску е Господ до оние со скршено срце, и смирените по дух ќе ги спаси.“***
***Псалм 34:18***



Живееме во свет кој се врти без контрола. Каде и да погледнеме, гледаме огромно страдање - душевна болка, жалост, длабока тага и тегоби. Луѓето што ги сакаме се во болка, а некои од нив умираат. За среќа, среде толкава голема душевна болка, ние го знаеме крајот на приказната. Ќе дојде ден кога ќе нема повеќе болка, солзи, војни и ќе нема повеќе смрт - ЌЕ НЕМА повеќе! (Откровение 21:4) Сепак, тоа не значи дека не се чувствуваме скршени од она што го гледаме секој ден кога ги вклучуваме вестите - болката е секогаш близу.

Во вакви времиња, кога сме обземени со жалост и тага, ни треба спас од Божјото Слово. Ни требаат потсетници дека имаме добар Бог кој лично чекори со нас низ секоја една скршеност - дури ги собира нашите солзи во Неговото шише. Псалм 56:8 вели:
***„Ти ги броеше моите маки, солзите мои ги собираше во мешина. Зар не е сè запишано во Твојата книга?“***
Јас сакам реченицата: „Ти ги броеше“. Тоа кажува дека ништо не е изгубено – ниедна солза, ниеден плач во темнината, ниедна молитва, ниту нашите најдлабоки офкања. Сите тие се собрани во Неговото шише бидејќи Тој толку многу се грижи за нас. Нашиот добар Татко е секогаш свесен за секого. Колку утешно е да се има таков личен Бог.

Не можам да се сетам на подобро место од Псалмите, каде можеме да се обратиме кога нашите срца се преплавени со жалост. Псалм 34:18 вели: „Блиску е Господ до оние со скршено срце, и смирените по дух ќе ги спаси.“

Особено во овие исцрпувачки денови - во свет полн со хаос кој изгледа како да нема крај - ние имаме Бог Кој никогаш не е далеку, дури и кога нашите чувства и непријателот се обидуваат да нѐ убедат во спротивното.



Во овој стих ни се кажани две работи: дека „ГОСПОД Е“... тоа значи сега, денес, во овој момент. Тој е сè што ни треба за скршеноста што ја чувствуваме во овој свет во моментов. Второ: Тој е „блиску“.  Блиску до болката што ја чувствуваме; блиску до загубата што боли; блиску до потребите и маките што ги имаме и не можеме дури и да ги искажеме; блиску до вестите кои нашите срца не сакаат да ги видат и да им веруваат; блиску до нашите вознемирени мисли и скршени срца.

Близината за која се зборува овде означува дека не ги носиме сами нашите скршени срца. Не страдаме сами. Не тагуваме сами, бидејќи Самиот Исус доаѓа уште поблиску да ги носи нашите болки. Си замислувам како се стуткувам во Божјиот скут на љубов и сочувство и како добивам утеха од близината на отчукувањата на Неговото срце и како наоѓам мир и спокојство што можат да се најдат само во Неговата прегратка.

Тој не седи горе на небото далеку од нашите искуства на болка и очајни прашања. Не, Тој е секогаш достапен и блиску до нас, особено кога страдаме или кога страдаат скапоцените луѓе што Тој ги создал. Тој останува со нас и ни помага да поминеме низ сето тоа. Тој ни помага повторно да дишеме. Да најдеме надеж во темнината.

Бог ги разбира нашите чувства и ни помага да го поднесеме сето она што нè обзема затоа што Тој е нашиот Спасител што страдаше. Тој знае од прва рака за скршеноста. Кога висеше на крстот - најголемата скршеност на сите времиња - сето тоа беше за нас.

Нештата кои ни го кршат срцето уште повеќе го кршат Неговото и имаат потенцијал да нè доближат до Него. Но треба да запомниме: Бог е Тој што ни се приближува во нашите времиња на скршеност - всушност, Тој се спушта долу кај нас. Дури и во деновите кога не Го чувствувам, Тој е тука - Тој е секогаш блиску - бидејќи една од Неговите задачи е да биде блиску до оние со скршено срце.



Сум слушнал како се вели дека „некои луѓе не можат да Го видат Бог затоа што не погледнуваат доволно ниско, и тоа е вистина. Ако не можеш да ја почувствуваш Неговата близина, погледни пониско и ќе Го најдеш.“ Но уште поважно... Тој ќе те најде ТЕБЕ!

Исто како твоето, и моето срце денес страда од многу различни причини. Но, јас сум охрабрен бидејќи имаме Бог Кој нѐ пронаоѓа во нашата болка - особено кога сме паднати најдолу. „ГОСПОД Е БЛИЗУ до оние со скршено срце.“

***Шели Есер***



# МИСЛА ОД ЕПИСКОПОТ

***Давање доверба***

„Мерки за градење доверба“ - во литературата има издадено многу публикации на оваа тема. Но, дали навистина можам да ја изградам довербата? Можам ли да ја заработам довербата на другите? Можеме нашироко да разговараме за ова. Сепак, на темата „доверба“ јас гледам од поинаков агол. Ние не ја градиме довербата и не ја заработуваме, туку даваме и добиваме доверба. Барем тоа е мое длабоко убедување. Дали ќе верувам некому, пред сè зависи од мене. Морам да го сакам тоа. Давањето доверба е одлука на волјата. Критериумот не е другата личност и нејзината доверливост, туку мојата одлука да ја положам мојата доверба во некого - или намерно да не го сторам тоа.

Петар не беше доверлив, а сепак Исус му ја довери пасторалната служба. Павле беше исто така недоверлив, а сепак Исус го повика да биде апостол. Листата може да се продолжи до бесконечност (а и јас би се појавил некаде на оваа листа). Исусовата доверба беше таа што ги направи вредни за доверба. Довербата е како љубовта; безусловна е и претходи на сè.

Длабоко сум благодарен за сета доверба што ми беше дадена и ми се дава во мојот живот. Благодарен сум за сета доверба што си ја даваме еден на друг во Црквата, со поединци и цели групи. Не би функционирало без неа! Да, довербата може да се злоупотреби и се злоупотребува. Понекогаш ни е навистина тешко да си веруваме еден на друг со нашите зборови и однесување. Кој не може да каже за болни искуства! Искуства со самите себе и со другите. Искуства надвор од црквата и внатре. Сè уште има многу да се направи, да се работи на тоа, да се промени, да се прости. Ние стоиме пред предизвик. Но, јас имам надеж бидејќи Исус Христос никогаш, во ниту еден момент не ја повлекува Својата доверба од нас - Неговата доверба која нè прави вредни за доверба и ги трансформира нашите зборови и однесување. Па, зошто да не си ја даваме довербата еден на друг - великодушно и безусловно, или барем да се обидеме да ја практикуваме одново и одново?

***Епископ Штефан Цирхер***
***Илустрација: Pixabay***



# КАКО ДА ЈА НАЈДЕШ ВИСТИНСКАТА ЛИЧНОСТ ЗА БРАК

„Кога тргнуваш на пат, помоли се еднаш. Кога тргнуваш во војна, помоли се двапати. Но, ако сакаш да стапиш во брак, помоли се трипати!“
*грчка народна пословица*

Една од најважните одлуки во животот е изборот на брачен другар и огромен број луѓе си го поставуваат себеси и на другите тоа славно прашање: „Како да ја најдеш вистинската личност за брак?“ Изгледа дека потрагата за брачен другар никогаш не била толку тешка и комплицирана како во денешно време. Пред да дадам конкретен одговор, дозволи ми прво да ти поставам две важни прашања.



Прво: „Зошто сакаш да стапиш во брак?“ Одговорот на ова прашање нема да го најдеш во книгите и нема да го добиеш во разговор со брачен советник или пастор. Ова едноставно го знаеш или не го знаеш. За време на мојата работа имав прилика да слушнам разни причини зошто луѓето влегуваат во брак. Некои се величествени, некои незрели, смешни, чудни а, некои пак, трагични. Ако сам немаш одговор на ова прашање, понатамошното читање нема многу да ти помогне.

Второ важно прашање е: „Дали јас сум вистинска личност за брак?“ Пред да погледнеш наоколу, погледни прво во себе. Дали си зрел за една толку сериозна а, истовремено и толку прекрасна промена во својот живот? Што е она што нè прави спремни за брак? Дали постојат параметри кои ни помагаат да ја процениме и измериме нашата спремност?

Ова се три вида на зрелост кои се потребни за брак и кои ќе ви помогнат во самопроценката но, исто така и во потрагата за сродна душа.

***Емоционална зрелост***
Да се биде емоционално спремен значи да имаш здрав однос кон животот, себе и другите. Емоционално спремната и зрела личност го развива својот карактер, има здрава самодоверба и свој интегритет. Тоа значи дека емоционално зрелата личност знае да каже не, знае да поднесе критика без излив на бес и омраза, има свои стандарди и убедувања, јасно ги препознава и комуницира своите емоции, има свои цели и планови и слободна е од зависности.

***Социјална зрелост***
Социјалната зрелост е важна бидејќи ни покажува до која мера личноста е способна да создава и да задржува квалитетни односи со другите луѓе. Социјално спремната личност е друштвено урамнотежена, има здрави пријателства и што е посебно важно, има здрави односи со спротивниот пол. Исто така, социјално спремната личност има здрав однос кон авторитетите и добар однос со членовите на своето семејство. Ако личноста е конфликтна и создава токсични односи со примарното семејство, тешко е да се верува дека во бракот ќе постапува поинаку.

***Финансиска зрелост***

Љубовта е важна основа на секој однос но, љубовта не ги плаќа сметките! Здравиот брак има одредена доза реалност а ако сакате да планирате брак многу е реално да си го поставите себе прашањето: „Каде и од што ќе живееме?“ Кој ги плаќа сметките кои уредно пристигнуваат секој месец? Мама и тато? Погрешен одговор! Финансиски зрелата личност се однесува финансиски зрело и е спремна за финансиска одговорност во бракот. Финансиски зрелата личност има финансиски план и е способна да најде и да ја задржи работата.

Која зрелост треба да ја развиеш за да бидеш спремен за брак? Кои области се твоја силна а кои слаба страна? Кога две личности влегуваат во брак неспремни, нивното меѓусебно прилагодување ќе биде многу тешко и за сите проблеми ќе се обвинуваат еден со друг. Како последица ќе се појави сомнеж во исправноста на изборот и тоа ќе донесе дополнителна нестабилност во нивниот брак. Како резултат ќе се појави осаменост и изолација кои водат до конечен неуспех.

Како христијани, ние ја разбираме и духовната страна на бракот. Исклучително е важно со личноста со која сакаш да склопиш брак да делиш исти духовни уверувања и лична вера во Исус Христос. Светото писмо мора да биде ваш авторитет и извор на вистина. Барај го Божјото водство и нека Бог те води до личноста која има ист библиски систем на вредности и со која ќе можеш заедно духовно да растеш. Запомни, парот кој се моли заедно останува заедно!

Можеби ова ти се чини како голем чекор. Не е потребно сето наведено овде да го поседуваш до совршенство. Доволно е да го имаш во одредена мера и да се формираш во добар правец. Најголемо задоволство е кога ќе најдеме личност со која во бракот можеме заедно да растеме, да Му служиме на Бог и да созреваме. Изборот е полесен ако знаеме што и како да бараме.

***Небојша Савиќ,***
***брачен советник***

# НОВОСТИ

## ОД ЗАЕДНИЦИТЕ

# ДЕТСКИ КАМП 2024

***„Сѐ е благослов што нѐ тера да се молиме.“***
***Чарлс Сперџан***

Може ли Бог да ја чуе нашата молитва ако сме под вода? Ова е едно од прашањата што им ги поставив на децата на нашиот трет годишен детски камп додека ги истражувавме животот и приказната на Јона. Од 19-22 јуни, дваесет и седум деца и петнаесет возрасни волонтери присуствуваа на кампот во Гевгелија, Северна Македонија. Оваа година беше посебна бидејќи шест од волонтерите беа дел од тимот Волонтери во Мисија (VIM) од САД. Многу сум благодарна на Raleigh Court United Methodist Church што ни испрати тим и за нивниот огромен придонес на кампот.

Темата на кампот беше „Бог ги слуша оние кои Го повикуваат“. Проучувавме како Бог одговори на молитвите од морнарите кои го земаа Јона на нивниот брод, на молитвата на Јона додека тонеше во морето и на молитвите на Асирците кои живееја во Ниневија. Нашиот стих за кампот беше од Римјаните 10:13 кој вели: „Бидејќи секој кој ќе го повика името Господово, ќе биде спасен.“

Секое утро го започнувавме надвор со малку вежби и кратка порака пред појадокот. После појадокот, имавме долги групни сесии каде што пеевме песни, ја имавме нашата лекција, учевме библиски стих и заедно се молевме. Потоа бевме поделени на мали групи каде што дополнително ја истражувавме лекцијата за тој ден. Исто така имавме време за пливање, рачни работи и игри со вода. На нашата последна вечер имавме логорски оган и ја продолживме нашата традиција на печење мачмалоу.

Првата вечер ги прашав децата дали знаат што е пророк и дали мислат дека тоа е добра работа. Разговаравме за задачата што Бог му ја даде на Јона и како Јона не сакаше да го направи тоа што му беше кажано. Следното утро разговаравме за тоа како морнарите кои се согласија да го одведат Јона во Тарсис беа зафатени од страшна бура и мислеа дека ќе умрат. Во нашите мали групи ние ја одглумивме бурата и како не фунционираше ништо од тоа што морнарите го направија за да се спасат, додека конечно не Го повикаа Богот на Јона и додека не го фрлија Јона во морето.

Вториот ден замислувавме за што можеби се молел Јона додека тонел во морето и заклучивме дека молитвите можат да бидат кратки како еден збор: „Помош!“ Видовме дека Бог одговори на молитвата под вода на Јона и испрати риба да го спаси. Во нашите мали групи наброивме вообичаени места и ситуации кога се молиме, а потоа се обидовме да смислиме место или ситуација во кои Бог не може да ја слушне нашата молитва.

Последниот ден, истражувавме различни начини на кои луѓето во античкиот свет искажувале тага и покајание. Децата можеа да доживеат кинење на облека, носење на крпа што чеша (како вреќа), постење и истурање пепел на главата. Дознавме дека кога Ниневијците се покајаа и извикаа кон Бог да ги спаси од нивната злоба, Бог го поштеди нивниот град.

Многу се молев за помош во месеците и деновите пред кампот и Бог одговори испраќајќи го Своето најдобро. Премногу сум им благодарна на сите волонтери кои дојдоа да инвестираат во овие деца и да го направат кампот успешен. Значи, без разлика дали организирате камп како мене, или ве опфати бура што не сте ја предизвикале како морнарите, се давите во ситуација што сте ја предизвикале како Јона или сте паднале во грев како Ниневијците, викајте кон Бог. Тој ќе ве слушне и ќе ве спаси.

***Џенифер Мур***

## *Прекрасни оброци*

Тоа што имавме тим на волонтери од САД оваа година значеше дека можеме да готвиме сопствени оброци наместо да нарачуваме однапред спакувани оброци како претходните две години. Оброците беа вкусни, трошевме помалку храна и можевме да заштедиме пари. Но, дури и повеќе од тоа - можевме да јадеме во семеен стил наместо во посебни кутии. Децата можеа да вежбаат учтиво да бараат работи и нашите оброци добија поинтимна атмосфера. Единствениот што немаше корист беше Цеки, кучето од кампот, бидејќи имаше многу малку храна за фрлање! Ви благодариме повторно VIM што го благословивте нашиот камп.








# СЕМИНАР ВО ЕМЦ МУРТИНО

На 15-ти и 16-ти јуни во ЕМЦ Муртино имавме семинар на тема „Новозаветната црква“ заедно со Милен и Ирена Стефанови. Семинарот беше организиран по повод Педесетница - излевањето на Светиот Дух врз апостолите.

Семинарот беше од отворен карактер и секој можеше да присуствува.

Првиот ден размислувавме за тоа што е црква, која е смислата и целта на црквата и четирите столбови на црквата. Имаше историски осврт за развојот на црквата, почетоците и важни периоди за виталноста на црквата.
Размислувавме колку се важни четирите столбови на црквата земени од Дела на Апостолите 2:42-47. Првиот е истрајност во учењето на апостолите. Вториот е дружење. Третиот е кршење леб. Четвртиот е молитвата.

Во тој дел заклучивме дека најважно за црквата е заедништвото. Денес црквата има разни активности и проблеми а, најголем проблем е тоа што нема вистинско заедништво, нема посветена рутинска молитва.

Вториот ден размислувавме за тоа како да се живее во овој свет како Христов следбеник. Ние треба да станеме Христови следбеници а, не само да бидеме пасивни посетители на црквата, секој треба да открие за себеси како да Му служи на Христос, како на практичен начин да го сака ближниот и да има искрена, практична љубов кон Бога.

На крајот завршивме со работилница каде присутните имаа можност да научат како да ја споделат својата вера. Секој имаше задача да размисли за својот живот и да одговори на три прашања: Каков бев? Како Исус ме промени? Каков сум сега? Верниците излегуваа напред и си ги кажуваа своите сведоштва.
Тоа беше важен дел затоа што голем број од верниците не разговараат за својата вера и не знаат како да ја споделат.

Благодарни сме на Милен и Ирена што одвоија време да ни пренесат духовни богатства, кои веруваме ќе послужат за изградување и благослов на црквата, затоа што имаме постојана потреба од духовна поткрепа.

***Проповедник***
***Дејан Василев***









# КРШТЕНИЕ ВО ДОЈРАН

На 12-ти мај оваа година, во водите на Дојранското езеро се одржа крштение на еден тинејџер и двајца млади луѓе од ЕМЦ-Струмица. Тоа беа Матеа Димова, Филип Ѓоргиев и Даниел Ѓоргиев.
Ваквиот настан беше со отворен карактер, па затоа, покрај родбината на овие млади луѓе, неколку недели претходно беше објавувано на повеќе богослужби дека сите се добредојдени доколку сакаат да присуствуваат. Литургискиот дел и проповедта за ова крштение го одржаа пасторите Марјан Димов и Милен Стефанов на Дојранската плажа во богославителска атмосфера, а потоа во водите на езерото заеднички ги крстија тројцата млади.
Срдечно ги поздравуваме овие млади, што својата вера и жед за духовно раѓање, искрено и јавно ја исповедаа, крштевајќи се во името на Бог Отецот, Синот и Светиот Дух и станаа членови на Телото Христово - Црквата. Нека Господ Бог, преку својот Божествен Дух, ги води и благослови во нивната иднина.

***Глигор Тасев***



Тоа што го знаеме за Бог ни помага да се довериме на Него за тоа што не го знаеме.



# ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА

*Молитвата не треба да ни биде последно средство туку прв ресурс*



- Благодарни срца
- Заедништво помеѓу заедниците
- Младински и детски групи
- Женски и машки групи
- Црковното раководство
- Социјалната работа која се извршува преку Дијаконијата
- Духовно пробудување
- Учеништвото во црквата

# РЕСУРСИ

**Христијанска песнарка**




**Библија**



**Библија**




**Библија за деца**




*** сите апликации може да се инсталираат со скенирање на кодот**

# ИНФОРМАЦИИ

## Сметка на ЕМЦ

Добредојдени се вашите доброволни прилози за работата со литература на ЕМЦ во Македонија, на која било од следниве сметки, со цел на дознака:
ЗА ЛИТЕРАТУРА

**НЛБ Банка**

210-0471551901-34

**Шпаркасе Банка**

250-0080004168-42

## Веб-страница

На www.emc.mk можете да ги следите тековните новости од активностите во сите заедници на Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*Фотографиите кои се користени во списанието се преземени од страните: www.unsplash.com и www.canva.com




- Илустрација:
  Ребека Пенева



Списанието е достапно онлајн на веб-страницата
Годишна претплата: 400 ден. (излегува 6 пати годишно)

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Ревека Василева
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 70 618 559 / literatura@emc.mk

www.emc.mk